Д-Р АНТОАНЕЛА ПЕТКОВСКА
Д-Р МИХАЈЛО ПОПОВСКИ
М-Р АЛЕКСАНДАР ЈОВАНОСКИ

303.1:316.74(497.7:4)(083.94)

# СОНДИРАЊЕ ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Во декември 2006 година, Филозофскиот Факултет од Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ обезбеди авторизација за реализација на меѓународниот мрежен проект - **Сондирање европски вредности** (European Value Survey) за Република Македонија. Главен координатор и носител на проектот е Work & Organization Research Centre, Faculty of Social Sciences, Tilburg University (www.europeanvaluesstudy.eu/). Во овој проект, кој претставува едно од најголемите лонгитудинални истражувања во Европа и во чии рамки досега се завршени три циклуси сондажи (1981, 1990 и 1999/2000), учествуваат поголемиот дел држави во Европа, најчесто претставени преку репрезентативни универзитети, односно факултети за општествени науки.

Во реализацијата на проектот во Република Македонија учествуваа повеќе од четириесет директно засегнати лица во најразлично својство: јадро на истражувачки тим, членови на поширок тим на проектот, надворешни кон-султанти, преведувачи, анкетари и др. Јадрото на истражувачкиот тим го сочинуваат д-р Антоанела Петковска (национален директор за EVS Македонија), д-р Михајло Поповски (раководител на Институтот за психологија), д-р Ило Трајковски и м-р Александар Јованоски. Во поширокиот тим на проектот членуваат и д-р Трајан Гоцевски (декан на Филозофски факултет) и д-р Ѓорѓе Младеновски (раководител на Институтот за социологија).

Основна цел на проектот е идентификација на вредносните преференции на граѓаните на Република Македонија кои ќе можат да бидат компарирани со вредносните преференции на граѓаните од најголемиот број европски земји. Поточно, проектот овозможува испитување на повеќе вредности и животни практики на граѓаните кои доаѓаат до израз во разни области на општественото живеење: религија и морал, политика и политичност, граѓанско здружување, семејство и брак, сексуалност, образование, идентитет, општествена интеракција,

социјална дистанца, грижа за другите и нивно прифаќање, работа и професионален развој, слободно време, животни стилови и квалитет на живот.

Покрај тоа, проектот има и неколку специфични цели: создавање база на податоци што ќе овозможи континуирано следење на проблемот на истражувањето; создавање услови за подигнување на статистичко-аналитичките капацитети на млади истражувачи и нивно оспособување за учество во меѓународни истражувачки тимови; инкорпорирање на добиените резултати од истражувањето во рамките на неколку универзитетски курсеви на институтите за социологија и за психологија на Филозофскиот факултет.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ХРОНОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Истражувањето на европските вредности се заснова на точно утврдени принципи и стандарди. Со оглед на тоа што проектот се реализира истовремено во повеќе европски земји, методологијата на истражувањето однапред е дефинирана со прецизни инструкции во однос на:

- определувањето примерок;
- минималните, но неопходни адаптации на инструментариумот со оглед на културните специфики на секоја земја-учесничка во проектот;
- организацијата на теренското истражување; и
- начинот на внесување и дистрибуција на прибраните податоци до базата во Холандија и во другите национални истражувачки тимови.

Придржувајќи се кон строгата и претходно утврдена агенда од страна на главниот и координативен центар на истражувањето Work & Organization Research Centre, Faculty of Social Sciences во Тилбург, Холандија, прибирањето на податоците се изврши во периодот од 15 јуни до 15 септември 2008 година. Определувањето примерок беше резултат на соработка со Државниот завод за статистика на Република Македонија, со што се овозможи неговата репрезентативност и објективност.

Важно е да спомне дека при утврдувањето на примерокот беа следени насоките на Универзитетот во Тилбург, како координатор на целото европско истражување. Поточно, беа следени три понудени можности за избор и изработка на примерок, кој мораше да биде креиран според принципите на случајност и тоа: преку список (најчесто избирачки или список на

пописни кругови), со адреси на живеење и преку датум на раѓање. Имајќи ги предвид овие можности и редица други барања, како што е, на пример, заштитата на личните податоци, Државниот завод за статистика на РМ изработи примерок по случаен избор кој вклучуваше 2.016 адреси. При контактирањето на лицата на утврдените адреси, се анкетираа лицата кои од сите полнолетни членови на семејствата имале роденден најблиску до датумот на анкетирањето.

Прибирањето на податоците се вршеше со стандардизиран прашалник, изготвен од проектните директори на националните тимови вклучени во овој проект. Прашалникот се состои од 141 ставка организирани во 6 пошироки тематски целини, со над 360 варијабли кои се формулирани во вид на прашања и скали на процена. За потребите на нашето истражување прашалникот беше преведен на македонски јазик и на албански јазик[1].

Во рамките на подготовката за теренскиот дел на истражувањето беа реализирани неколку вида активности поврзани со екипирање на анкетарската мрежа, меѓу кои како најзначајни беа селекцијата на анкетарите, исцрпните обуки на анкетарскиот тим, како и постојаниот мониторинг на пилот-истражувањето - искуство кое беше продолжено во понатамошниот главен дел од прибирањето податоци (анкетирање). Процесот на селекција на лицата кои требаше да го вршат анкетирањето содржеше неколку етапни постапки. По извршените три подготвителни обуки, од поголемиот број потенцијални анкетари беа избрани 19, кои најпрво беа вклучени во пилот-истражувањето, а подоцна учествуваа во главното истражување. За време на трите подготвителни обуки, анкетарите известуваа за сите согледани тешкотии во поставувањето на прашањата и прибирањето на податоците и со тоа придонесоа за олеснување на реализацијата на главното истражување. Дел од овие согледувања и забелешки станаа ставка од упатствата за анкетирање, иако и самиот прашалник во посебни оддели содржи упатства за анкетирање што важат за анкетарите од сите земји-учеснички.

Внесувањето на податоците, исто така, подлежеше на посебна процедура, и во однос на заштита на податоците, идентитетот на лицата кои ги внесуваа податоците и во однос на матрицата за внесување податоци изработена во компјутерски софтвер за статистичка обработка на податоци (SPSS).

---

[1] Напомнуваме дека членовите на истражувачкиот тим и особено овластените преведувачи на прашалникот немаа ингеренции за вршење содржински измени, освен во дел од националните класификации, како што се, на пример, за образование, религија, политички партии и сл.

## ПРИКАЗ НА ПРИБРАНИТЕ ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

На следниве страници најпрво ќе биде прикажана структурата на примерокот, т.е. социодемографските обележја на испитаниците, а потоа ќе бидат соопштени и анализирани на дескриптивно ниво повеќе вида податоци групирани во неколку области:

- општи вредности поврзани за животот, слободното време и работата;
- брак и семејство;
- политика, политичко дејствување и идеологија;
- граѓанско здружување и дејствување;
- доверба во други луѓе;
- доверба во институции;
- евалуација на општествени состојби;
- религија и морал.

## СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Со истражувањето се опфатени 1.500 испитаници од 8 статистички региони во Република Македонија и тоа: Источен - 203 (13,5%); Североисточен 100 (6,7%); Пелагонија - 135 (9,1%); Полог - 153 (10,2%); Скопски - 497 (31,1%); Југоисточен - 155 (10,3%); Југозападен - 180 (12,0%); и Вардарски - 76 (5,0%).

Во однос на големината на местото на постојано живеење, испитаниците се распределени на следниов начин:

**Табела 1**. Дистрибуција на испитаниците според големината на местото на постојано живеење

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| под 2.000 жители | *37* | *2,5%* |
| 2.000-5.000 | *209* | *13,9%* |
| 5.000-10.000 | *182* | *12,1%* |
| 10.000-20.000 | *121* | *8,1%* |
| 20.000-50.000 | *130* | *8,7%* |
| 50.000-100.000 | *223* | *14,9%* |
| 100.000-500.000 | *153* | *10,2%* |
| Над 500.000 жители | *444* | *29,6%* |
| Вкупно | *1.499* | *100,0%* |

Според половата припадност, 845 (56,4%) испитаници се од машки пол, а 652 (43,6%) испитаници се од женски пол, додека според возраста испитаниците се распределени во следниве возрасни категории: 18-24 години - 15,3%; 25-34 години - 21,6%; 35-44 години - 18%; 45-54 години - 18,3%; 55-64 години - 15,2%; и над 65 години - 11,3%.

Податоците за нивото на образование на испитаниците се прикажани во Табела 2. Најголем дел од испитаниците се со средно образование, т.е. 56,4% од нив имаат завршено гимназија, средно техничко училиште или училиште за занимања, а 1,3% немаат никакво формално образование. 18,1% имаат нецелосно и целосно основно образование, а 22,9% се со завршено вишо или високо образование.

**Табела 2.** Ниво на образование на испитаниците

| | | |
|---|---|---|
| Без образование | *20* | *1,3%* |
| Со завршени четири години од основно образование | *64* | *4,3%* |
| Со завршено основно образование – осум години | *207* | *13,8%* |
| Со завршено средно образование - гимназија | *342* | *22,8%* |
| Со завршено средно техничко образование | *269* | *17,9%* |
| Со завршено средно образование - училиште за занимања | *236* | *15,7%* |
| Со завршено вишо образование - колеџ | *70* | *4,7%* |
| Со завршено високо образование | *262* | *17,5%* |
| Со завршени постдипломски студии (м-р) | *7* | *0,5%* |
| Доктор на науки | *3* | *0,2%* |
| Без одговор | *19* | *1,3%* |
| Вкупно | *1.499* | *100,0%* |

Во поглед на брачниот статус (Табела 3), речиси две третини од испитаниците изјавиле дека се во брак (58,4%), а речиси една третина од нив дека не биле никогаш во брак или во регистрирано партнерство (30,0%).

**Табела 3.** Брачен статус на испитаниците

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Женет/мажена | *872* | *58,4%* |
| Регистрирано партнерство | *6* | *0,4%* |
| Вдовци/вдовици | *117* | *7,8%* |
| Разведени | *45* | *3,0%* |
| Разделени | *5* | *0,3%* |
| Никогаш неженети/немажени или во регистрирано партнерство | *447* | *30,0%* |
| Вкупно | *1.492* | *100,0%* |

Повеќе од половина од испитаниците се невработени (58,8%), а другите се со статус на вработени лица (41,2%). Што се однесува, пак, до нивните вкупни месечни приходи, испитаниците може да се распределат во следниве петнаесет категории.

**Табела 4.** Вкупни месечни приходи на испитаниците

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| до 4.600 ден. | *95* | *6,6%* |
| 4.601-6.500 ден. | *81* | *5,6%* |
| 6.501-9.225 ден. | *137* | *9,5%* |
| 9.226-13.800 ден. | *178* | *12,3%* |
| 13.801-15.550 ден. | *153* | *10,6%* |
| 15.551-18.450 ден. | *119* | *8,2%* |
| 18.451-24.600 ден. | *204* | *14,0%* |
| 24.601-27.805 ден. | *97* | *6,7%* |
| 27.806-30.750 ден. | *132* | *9,1%* |
| 30.751-46.000 ден. | *148* | *10,3%* |
| 46.001-61.500 ден. | *59* | *4,1%* |
| 61.501-77.000 ден. | *17* | *1,2%* |
| 77.001-92.250 ден. | *13* | *0,9%* |
| 92.251-123.000 ден. | *10* | *0,7%* |
| над 123.000 ден. | *3* | *0,2%* |
| Вкупно | *1.446* | *100,0%* |

Во однос на религиската припадност, речиси сите испитаници навеле дека припаѓаат на определена религија, при што најголем дел од нив се изјасниле како православни христијани (79,4%) и како муслимани-припадници на ИВЗ во РМ (18,3%).

**Табела 5.** Религиска припадност на испитаниците

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Христијанство - православие | *1.113* | *79,4%* |
| Христијанство - католицизам | *6* | *0,4%* |
| Христијанство - протестантизам | *1* | *0,1%* |
| Ислам - (Исламска верска заедница во РМ) | *256* | *18,3%* |
| Ислам - (Заедница на бекташи) | *14* | *1,0%* |
| Христијанство - јеховини сведоци | *1* | *0,1%* |
| Будизам | *1* | *0,1%* |
| Без одговор | *10* | *0,7%* |
| Вкупно | *1.402* | *100,0%* |

Во поглед на државјанството, пак, 1.487 (99,2%) испитаници одговориле дека се македонски државјани, 12 испитаници дека се со други државјанства, а само еден испитаник не дал податок за државјанството.

# ОПШТИ ВРЕДНОСТИ ЗА ЖИВОТОТ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ И РАБОТАТА

Овој сегмент на анализа се однесува на идентификацијата на општите вредности што се поврзани со неколку важни аспекти од животот на луѓето - семејство, работа, пријатели и познајници, слободно време, политика и религија. Степенот на нивната важност во животот на испитаниците е идентификуван со помош на четиристепена скала (види Табела 6). Според тоа колкав број испитаници ги сметаат наведените аспекти за многу важни, може да се заклучи дека тие највисок приоритет му даваат на семејството (93,6%), потоа на работата (79,5%), на пријателите и познајниците (74,8%), на слободното време (70,6 %) и на религијата (42,4%), а само 16,8% од нив се изјасниле дека им е многу важна политиката.

**Табела 6.** Степени на важност на одредени аспекти на животот

| | Воопшто не ми е важно | Не ми е важно | Малку ми е важно | Многу ми е важно |
|---|---|---|---|---|
| Работа | **74** *(5,1%)* | **92** *(6,3%)* | **131** *(9,0%)* | **1.155** *(79,5%)* |
| Семејство | **3** *(0,2 %)* | **18** *(1,2 %)* | **74** *(5,0 %)* | **1.388** *(93,6%)* |
| Пријатели и познајници | **7** *(0,5%)* | **72** *(4,9%)* | **294** *(19,8%)* | **1.110** *(74,8%)* |
| Слободно време | **28** *(1,9%)* | **103** *(7,0%)* | **302** *(20,5%)* | **1.039** *(70,6%)* |
| Политика | **327** *(22,1)* | **411** *(27,8%)* | **492** *(33,3%)* | **249** *(16,8%)* |
| Религија | **96** *(6,5%)* | **195** *(13,2%)* | **558** *(37,9%)* | **625** *(42,4%)* |

Во овој дел од приказот на резулатите за општите вредности можат да се сместат и одговорите на прашањето за тоа колку испитаниците се чувствувале среќни и задоволни во периодот кога е изведувано испитувањето (Табела 7). На ова прашање речиси една четвртина од испитаниците одговориле дека воопшто не се среќни, а речиси две третини одговориле дека се малку среќни. Многу среќни се чувствувале само мал број испитаници.

**Табела 7.** Број и проценти на одговори на прашањето за среќата

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Воопшто не сум среќен | *343* | *23,6%* |
| Малку среќен | *869* | *59,9%* |
| Средно среќен | *166* | *11,4%* |
| Многу сум среќен | *73* | *5,0%* |
| Вкупно | *1451* | *100,0%* |

Слична тендеција во одговарањето на испитаниците е утврдена и кога тие ја оценувале сопствената здравствена состојба (Табела 8). Поголемиот дел од нив ја оценуваат здравствената состојба како лоша или како многу лоша (71,8%), а само мал број изјавуваат дека здравствената состојба им е добра или дека им е многу добра (8,5%).

**Табела 8.** Број и проценти на одговори на прашањето: „Како би ја опишале вашата здравствена состојба денес?

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Многу лоша | *513* | *34,3%* |
| Лоша | *561* | *37,5%* |
| Задоволителна | *294* | *19,7%* |
| Добра | *95* | *6,4%* |
| Многу добра | *32* | *2,1%* |
| Вкупно | *1.495* | *100%* |

Но, интересно е дека за разлика од чувството на среќа и оцената на здравствената состојба, кога испитаниците го проценувале задоволството од сопствениот живот на скала од 1 до 10 (каде што 1 означува незадоволство, а 10 задоволство), во просек, тие се изјаснувале како повеќе задоволни отколку незадоволни (M=6,86). Таква тенденција на одговори се забележува и на прашањето за слободата на изборот и контролата врз сопствениот живот кои, исто така, се давани на скала од 1 до 10 (каде што 1 означува воопшто немање слобода, а 10 имање слобода во голема мера). Според вредноста на аритметичката средина пресметана од сите нивни одговори (M=7,27), произлегува дека испитаниците повеќе сметаат дека имаат слобода во изборот и контрола врз сопствениот живот отколку дека немаат.

Имајќи предвид дека за испитаниците работата е многу важна (види Табела 6), интересно е да се проследи кои аспекти на работата ги сметаат за повеќе важни, а кои за помалку важни. Во Табела 9 се наведени процентите на испитаниците кои ја означиле важноста на седумнаесет аспекти на работата.

**Табела 9.** Проценти на одговори за важноста на одделни аспекти на работата

| | Важно е | Не е важно |
|---|---|---|
| Добра плата | *95,5%* | *4.4%* |
| Работење со пријатни луѓе | *84,1%* | *15,9%* |
| Отсуство на голем притисок | *74,8%* | *25,2%* |
| Безбедни услови за работа | *84,7%* | *15,3%* |
| Убаво да си поминувам на работа | *76,0%* | *24,0%* |

| | | |
|---|---|---|
| Можност за преземање иницијатива | *66,2%* | *33,8%* |
| Работа што е корисна за општеството | *84,3%* | *25,7%* |
| Богато празнување | *57,1%* | *42,7%* |
| Среќавање на луѓе | *74,5%* | *25,5%* |
| Работа во која сметаш дека можеш да постигнеш нешто | *80,3%* | *19,7%* |
| Одговорна работа | *79,1%* | *20,9%* |
| Работа што е интересна | *77,6%* | *22,4%* |
| Работа што соодветствува на способностите на поединецот | *80,1%* | *19,9%* |
| Учење нови вештини | *82,3%* | *17,7%* |
| Блискост во односите со другите | *76,7%* | *23,3%* |
| Учество во донесување важни одлуки | *70,0%* | *30,0%* |
| Рамноправно третирање на луѓето на работното место | *85,3%* | *14,7%* |
| Ништо од ова | *0,3%* | *99,7%* |

Од податоците во табелата може да се забележи дека повеќето од наведените аспекти на работата испитаниците ги сметаат за важни. Она што го издвојуваат како посебно важно е висината на платата, рамноправното третирање на работното место, работењето со пријатни луѓе, општествената полезност и безбедноста на работата. Од друга страна, како не многу важни аспекти се издвојуваат богатото празнување, можноста за преземање иницијатива и учеството во донесувањето одлуки.

Едно од прашањата поврзани со работата се однесува на степенот на задоволството од работата кај оние испитаници кои изјавиле дека се вработени. Степенот на задоволството е проценуван на скала од 1 до 10 (каде што 1 означува крајно незадоволство, а 10 крајно задоволство). Бројот и процентите на степените на задоволството од работата се прикажани на Табела 10 од која јасно се гледа дека повеќето вработени се задоволни од работата што ја вршат. Притоа, интересно е тоа што дури 20,1% означиле дека се крајно задоволни од работата.

**Табела 10.** Степени на задоволство од работата

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Незадоволство | *38* | *6,0%* |
| 2 | *12* | *1,9%* |
| 3 | *27* | *4,3%* |
| 4 | *20* | *3,2%* |
| 5 | *63* | *10,0%* |
| 6 | *57* | *9,0%* |
| 7 | *86* | *13,6%* |
| 8 | *104* | *16,5%* |
| 9 | *75* | *11,9%* |
| 10 Задоволство | *127* | *20,1%* |
| Без одговор | *22* | *3,5%* |
| Вкупно | *631* | *100,0* |

Ставовите на испитаниците за значајноста што би требало да ги има работата и односот на индивидуата спрема работата, како неопходност во развојот на човечките потенцијали во контекст на развој на општеството како целина, се претставени во Табела 11. Забележливо е дека според бројот и процентите на одговорите на испитаниците кои изразиле различен степен на согласност со понудените тврдења, само во случајот на првото тврдење („За да го развиеш целосно својот талент, мораш да работиш") испитаниците манифестирале висок степен на целосна согласност. Испитаниците се согласуваат и со другите тврдења, но нивните согласности се подисперзирани и на секое од нив речиси една петтина од нив даваат и неутрални одговори.

**Табела 11.** Степени на согласност со тврдења за значајноста на работата

| Тврдења | Сосема се согласувам | Се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. За да го развиеш цслосно својот талснт, мораш да работиш | **751** (50,7%) | **568** (38,4%) | **95** (6,4%) | **50** (3,4%) | **17** (1,1%) |
| 2. Понижувачки с да сс примаат пари бсз да сс заработсни | **486** (33,1%) | **449** (30,6%) | **305** (20,8%) | **200** (13,6%) | **29** (2,0 %) |
| 3. Луѓето што нс работат стануваат мрзливи | **496** (33,9%) | **488** (33,4%) | **237** (16,2%) | **191** (13,1%) | **51** (3,5%) |
| 4. Работата с должност спрсма општсството | **393** (26,8%) | **550** (37,4%) | **288** (19,6%) | **180** (12,3%) | **58** (3,9%) |
| 5. Работата трсба сскогаш да с на прво мссто дури и на смстка на слободно врсмс | **413** (28,2%) | **373** (25,5%) | **307** (21,0%) | **301** (20,6%) | **70** (4,8%) |

На крајот од овој дел од приказот и анализата на податоците за општите вредности може да се издвојат и одговорите на испитаниците во однос на начините на користење на слободното време (Табела 12). Очигледно е дека на испитаниците многу им се важни сите понудени начини за исполнување на слободното време. Постои мала разлика само во однос на релаксацијата, која најголем број испитаници ја навеле како многу важна при исполнување на слободното време.

**Табела 12.** Степени на важност на одделни начини на користење на слободното време

| | Многу ми е важно | Малку ми с важно | Нс ми с важно | Воопшто нс ми с важно |
|---|---|---|---|---|
| Дружсњс со фини луѓс | **1079** *(72,7%)* | **308** *(20,7%)* | **79** *(5,3%)* | **19** *(1,3%)* |
| Рслаксирањс | **1155** *(77,5%)* | **263** *(17,7%)* | **61** *(4,1%)* | **10** *(0,7%)* |
| Правсњс она што сс сака | **1094** *(73,8%)* | **291** *(19,6%)* | **78** *(5,3%)* | **19** *(1,3)* |
| Учсњс нсшто ново | **1088** *(73,7%)* | **291** *(19,7%)* | **65** *(4,4%)* | **33** *(2,2%)* |

## БРАК И СЕМЕЈСТВО

Прашалникот содржи повеќе прашања поврзани со бракот, односите меѓу брачните партнери, одгледувањето деца и слични теми во врска со семејниот живот. Согласно со одговорите за важноста на семејството во животот на човекот, што се веќе прикажани во Табела 6, и одговорите на прашањето „Дали сметате дека бракот е застарена институција“ покажуваат дека испитаниците го третираат бракот како темелна општествена институција. Имено, 81,6% од нив одговориле дека бракот не е застарена институција, а 18,3% одговориле дека бракот е застарена институција.

Кога станува збор за факторите за успешен брак, на испитаниците им беа предочени повеќе такви фактори и од нив беше побарано да го наведат степенот на нивната важност. Во Табела 13 се наведени одговорите на испитаниците за степените на важноста на дванаесет фактори за успешен брак изразени во фреквенции и проценти.

**Табела 13.** Степени на важност на факторите за успешен брак

| | Многу с важно | | Помалку с важно | | Нс с многу важно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Всрност | 1.361 | 92,9% | 82 | 5,6% | 22 | 1,5% |
| Пристосн приход | 1.212 | 82,6% | 218 | 14,9% | 37 | 2,5% |
| Да сс бидс од исто социјално потскло | 427 | 29,9% | 458 | 32,0% | 545 | 38,1% |
| Да сс сподслуваат исти рслигиозни всрувања | 725 | 50,1% | 422 | 29,1% | 301 | 20,8% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Добри услови за живеење | 1.079 | 73,8% | 321 | 21,9% | 63 | 4,3% |
| Согласност за политички прашања | 245 | 16,9% | 337 | 23,3% | 864 | 59,8% |
| Живеење одвоено од родителите и од роднините | 628 | 43,4% | 485 | 33,5% | 333 | 23,0% |
| Сексуална врска исполнета со среќа | 1.171 | 82,5% | 198 | 13,9% | 51 | 3,6% |
| Поделба на домашните работи | 836 | 57,9% | 491 | 34,0% | 116 | 8,0% |
| Имање деца | 1.287 | 88,5% | 127 | 8,7% | 40 | 2,8% |
| Подготвеност за разговор за проблемите што се јавуваат помеѓу мажот и жената | 1.151 | 79,1% | 268 | 18,4% | 36 | 2,5% |
| Имање време за свои пријатели и за свои слободни активности | 987 | 67,9% | 379 | 26,1% | 88 | 6,1% |

Како најважен фактор за успешен брак испитаниците ја издвојуваат верноста. Покрај верноста, како важни фактори ги наведуваат имањето деца, имањето пристоен приход и задоволството од сексуалните односи во бракот. Како фактори што не се многу важни за нив се постоењето согласност за политички прашања и имањето исто социјално потекло.

Во овој контекст, интересно е да се разгледаат одговорите на испитаниците на три прашања што се однесуваат на почитта спрема родителите, одговорноста на родителите спрема децата и на возрасните деца спрема родителите. Кога на испитаниците им е овозможено да направат избор меѓу две тврдења во врска со почитта спрема родителите: „Без оглед на доблестите (квалитетите) и маните на родителите, тие мора да се сакаат и да се почитуваат" и „Никој не е обврзан да ги почитува и да ги сака родителите кои не го заслужиле тоа, со оглед на своето однесување и ставови", 82,8 % од испитаниците се согласиле со првото тврдење, додека 17,1% се согласиле со второто тврдење. Слична тенденција во одговарањето е евидентирана и во поглед на изборот меѓу тврдењата што се однесуваат на одговорноста на родителите спрема децата. Имено, 81,3% испитаници се согласуваат со тврдењето „Родителите се обврзани да го прават најдоброто за своите деца, дури и по цена на својата благосостојба", а 9,9% се согласуваат со тврдењето „Родителите имаат свој живот и од нив не би требало да се бара да ја жртвуваат својата благосостојба за доброто на своите деца". Интересно е дека кога станува збор за правењето избор меѓу тврдења што се однесуваат на одговорноста на возрасните деца спрема родителите, одговорите на испитаниците се подисперзирани во споредба со оние направени во претходните прашања. 60,7% од испитаниците се согласиле со тврдењето „Возрасните деца имаат обврска да обезбедат долготрајна нега за своите родители, дури и по цена на сопствената благосостојба", 20,3% се согласиле со

тврдењето „Возрасните деца имаат свој живот и од нив не би требало да се бара да ја жртвуваат својата благосостојба за доброто на родителите“, а 17,7% не се согласиле ниту со едното ниту со другото тврдење.

За да се идентификуваат ставовите на испитаниците во врска со улогата на мажот и на жената во семејството, од испитаниците се бараше да го изнесат своето согласување или несогласување со одреден број тврдења на оваа тема. Од одговорите на испитаниците прикажани во Табела 14 произлегува дека тие релативно рамноправно ја третираат улогата на мажот и улогата на жената во семејството. Ова важи и за случаите кога жената е мајка и има статус на вработена и кога е во прашање одговорноста и грижата на татковците за децата и за домот.

**Табела 14.** Степени на согласување и несогласување за улогата на мажот и на жената во семејството

| Тврдења | Сосема се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Вработена мајка може да воспостави исто толку топли и сигурни односи со своите деца како и мајка која не е вработена | 460 *(33%)* | 575 *(41,2 %)* | 321 *(23 %)* | 39 *(2,1%)* |
| Предучилишните деца, најверојатно, би страдале ако нивната мајка работи | 176 *(12,9%)* | 405 *(29,8%)* | 630 *(46,3%)* | 150 *(11 %)* |
| Вработеноста е добро нешто, но најголем дел од жените сакаат да имаат дом и деца | 287 *(22,2%)* | 629 *(48,6%)* | 297 *(23%)* | 80 *(6,2%)* |
| Да се биде домаќинка исто толку исполнува како и да се биде вработена | 253 *(20,7)* | 397 *(32,4%)* | 494 *(40,3%)* | 81 *(6,6%)* |
| Да се има работа е најдобар начин за жената да биде независна личност | 581 *(40,9%)* | 604 *(42,5%)* | 301 *(20,6%)* | 45 *(3,2%)* |
| И мажот и жената треба да придонесуваат за приходот во семејството | 794 *(54,3%)* | 576 *(39,3%)* | 79 *(5,4%)* | 14 *(1%)* |
| Општо земено, татковците, исто така, добро се подготвени да се грижат за своите деца колку и мајките | 599 *(42,8%)* | 562 *(40,2%)* | 206 *(14,7%)* | 32 *(2,3%)* |
| Мажите треба да бидат исто толку одговорни за домот и за децата како и жените. | 781 *(53,8%)* | 589 *(40,5%)* | 64 *(4,4%)* | 19 *(1,3%)* |

# ПОЛИТИКА, ПОЛИТИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ И ИДЕОЛОГИЈА

Третото поглавје од анализата на прибраните податоци е посветено на политиката и на прашањата поврзани со политичкото во нашето општество. Чувствуваме потреба да посочиме на некои фактори за кои претпоставуваме дека можеле да имаат влијание врз одговорите на испитаниците. Имено, треба да се нагласи дека теренскиот дел од истражувањето, т.е. прибирањето на податоците, се спроведе непосредно по парламентарните избори кои во нашата земја се одржаа во јуни 2008 година. Сметаме дека овој факт би можел има определен ефект врз изјаснувањето на испитаниците, особено за теми од областа на политиката. Ова го потврдува и искуството на анкетарите кои информираа дека кај испитаниците постоел извесен степен на воздржаност и недоверливост при давањето на одговорите во врска со политиката. На ова може да се надоврзе и можноста од постоење извесна заситеност кај граѓаните од анкети поврзани со политички прашања.

Пред да бидат изложени дескриптивните анализи на прибраните податоци за покарактеристичните прашања на оваа тема, неопходно е да се потсетиме дека во случајот кога прашањето за важноста на политиката е разгледувано во контекст на други важни прашања за животот (види Табела 6), испитаниците не ја вреднуваат политиката како многу важна. Но, според одговорите на други прашања поврзани со политиката, не може да се заклучи дека политиката зазема маргинално место во секојдневјето на испитаниците. На прашањето „Колку често политиката е тема на вашите разговори со пријателите?“, 81,4% од испитаниците изјавиле дека повремено или често разговараат за политика, а 18,6% дека воопшто не разговараат за политика. Во однос на следењето на политичките теми во медиумите, 27,1% од испитаниците одговориле дека секојдневно го прават тоа, 16,3% дека го прават тоа неколку пати во неделата, 19,3% дека го прават тоа еднаш или двапати неделно, 27,9% дека го прават тоа многу ретко, а 9,5% се изјасниле дека никогаш не следат политички теми во медиумите.

Одговорите на испитаниците во однос на практикувањето или подготвеноста за практикување одредени форми на политичко (или граѓанско) однесување, се прикажани во Табела 15.

**Табела 15**. Број и проценти на одговори за практикување или подготвеност за практикување одредени политички или граѓански однесувања

| | Сум го направил | Би можел да го направам | Никогаш не би го направил |
|---|---|---|---|
| Потпишување петиција | 536 *(38,7%)* | 656 *(47,4%)* | 192 *(13,9%)* |
| Придружување на бојкот | 309 *(22,6%)* | 758 *(55,5%)* | 298 *(21,8%)* |
| Придружување на законски одобрени демонстрации | 288 *(21,1%)* | 762 *(55,9%)* | 313 *(23,0%)* |
| Придружување на неофицијални штрајкови | 126 *(9,7%)* | 591 *(45,7%)* | 576 *(44,5%)* |
| Учество во опсада на згради или на фабрики | 76 *(6,3%)* | 296 *(24,0%)* | 835 *(69,2%)* |

Очигледно е дека од понудените форми на политичко дејствување (кои може да се толкуваат и како форми на граѓанско дејствување), испитаниците се изјасниле дека најчесто учествувале во потпишување петиции. Помалку се придружувале на бојкот и учествувале во законски одобрени демонстрации, а најмалку се придружувале на неофицијални штрајкови и учествувале во опсада на згради и фабрики. За сите овие форми на дејствување испитаниците покажале релативно слична подготвеност и за нивно идно практикување, освен во случајот на опсада на згради и фабрики.

Едно од прашањата што допира до секоја расправа за политиката и за идеологијата е прашањето за значењето на слободата и на еднаквоста во контекст на можноста за непречен развој на поединците во општеството. Токму ова прашање им е поставено на испитаниците и од нив е побарано да се изјаснат за тоа дали сметаат дека е поважна слободата или, пак, еднаквоста. Како што може да се забележи од вредностите во Табелата 16, две третини од испитаниците предност и даваат на слободата, а помалку од една третина на еднаквоста. Интересно е што дури 101 испитаник не сметаат дека слободата и еднаквоста се важни за непречениот развој на поединците.

**Табела 16.** Број и проценти на одговори за важноста на слободата и на еднаквоста

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Слободата е поважна од еднаквоста | *852* | *64,0%* |
| Еднаквоста е поважна од слободата | *379* | *28,4%* |
| Ни едно ни друго | *101* | *7,6%* |
| Вкупно | *1.332* | *100,0%* |

Гледиштата за сопствената политичка ориентација (лева или десна) испитаниците имаа можност да ги дадат на скала од 1 до 10 (каде што 1 означува крајно лева ориентација, а 10 крајно десна ориентација). Бројот и процентите на одговорите на скалата се дадени во Табела 17. Забележливо е дека 30,3% од испитаниците ги сместиле своите одговори на централните позиции (т.е. на 5 и 6). Од оние испитаници кои при дефинирањето на своите политички гледишта ги користеле другите степени на скалата, поверќето се сместиле себеси во делот од скалата што ја претставува десната политичка ориентација (45,8%). Додека, 24,0% од испитаниците ги сместиле своите гледишта на другиот дел од скалата што ја означува левата политичка ориентација.

**Табела 17.** Број и проценти на одговори за идеолошко позиционирање на скала од 1 до 10

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Лево | 114 | *11,3%* |
| 2 | 43 | *4,3%* |
| 3 | 47 | *4,7%* |
| 4 | 37 | *3,7%* |
| 5 | 211 | *21,0%* |
| 6 | 94 | *9,3%* |
| 7 | 77 | *7,7%* |
| 8 | 94 | *9,3%* |
| 9 | 78 | *7,8%* |
| 10 Десно | 211 | *21,0%* |
| Вкупно | 1.006 | *100,0%* |

## ГРАЃАНСКО ЗДРУЖУВАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Прашалникот нуди повеќе можности за изјаснување на испитаниците во врска со практикување граѓански активности и учество во работа на граѓански здруженија. Овие можности се наведени во табелите 18 и 19, при што првата табела се однесува за претходно членување во граѓански здруженија и вршење волонтерски активности, а втората табела се однесува на актуелниот ангажман на испитаниците во овој сектор.

Општо земено, податоците покажуваат дека испитаниците и порано и во моментот на анкетирањето биле релативно граѓански неактивни. Меѓутоа, кога се впуштале во ваков вид активности, почесто ги избирале оние што се поврзани со политиката и политичките партии, потоа со спортот и рекреацијата и со образованието и уметноста.

**Табела 18.** Број и проценти на испитаници кои некогаш членувале во граѓански здруженија и кои вршеле волонтерски активности

| | Здруженија и активности | Членувал | Не членувал |
|---|---|---|---|
| 1 | Активности за социјално згрижување стари, хендикепирани или беспомошни лица | 37 *(2,5%)* | 1.472 *(97,5%)* |
| 2 | Религиозни или црковни организации | 60 *(4,0%)* | 1.439 *(96,0%)* |
| 3 | Активности од доменот на образованието, уметноста, музиката или културата | 113 *(7,5 %)* | 1.386 *(92,5 %)* |
| 4 | Синдикати | 62 *(4,1 %)* | 1.437 *(95,9 %)* |
| 5 | Политички партии или организации | 171 *(11,4 %)* | 1.327 *(88,6 %)* |
| 6 | Активности на локалните заедници во доменот на сиромаштијата, невработеноста, домувањето, расната (етничката) рамноправност | 57 *(3,8 %)* | 1.442 *(96,2 %)* |
| 7 | Развој на човековите права во Третиот свет | 4 *(0,3 %)* | 1.495 *(99,7 %)* |
| 8 | Заштита на околината, екологија и права на животните | 71 *(4,7 %)* | 1.427 *(95,3 %)* |
| 9 | Професионални здруженија | 68 *(4,5 %)* | 1.430 *(95,5 %)* |
| 10 | Работа со млади (на пример, извидници, водичи, клубови на млади и сл.) | 87 *(5,8 %)* | 1.411 *(94,2 %)* |
| 11 | Спорт или рекреација | 126 *(8,4 %)* | 1.373 *(91,6 %)* |
| 12 | Женски организации | 40 *(2,7 %)* | 1.458 *(97,3%)* |
| 13 | Мировни движења | 15 *(1,0 %)* | 1.484 *(99,0 %)* |
| 14 | Волонтерски организации кои се грижат за здравјето | 41 *(2,7 %)* | 1.458 *(97,3 %)* |
| 15 | Други организации и групи | 66 *(4,4 %)* | 1.433 *(95,6 %)* |

**Табела 19.** Број и проценти на испитаници кои моментно членуваат во граѓански здруженија и кои вршат волонтерски активности

| | Организации и активности | Членува | Не членува |
|---|---|---|---|
| 1 | Учество во активности за социјално згрижување стари, хендикепирани или беспомошни лица. | 23 *(1,5 %)* | 1.473 *(98,5%)* |
| 2 | Религиозни или црковни организации | 44 *(2,9 %)* | 1.454 *(97,1%)* |
| 3 | Активности од доменот на образованието, уметноста, музиката или културата | 60 *(4,0 %)* | 1.439 *(96,0%)* |
| 4 | Синдикати | 30 *(2,0 %)* | 1.469 *(98,0%)* |
| 5 | Политички партии или организации | 108 *(7,2 %)* | 1.391 *(92,8%)* |
| 6 | Активности на локалните заедници во доменот на сиромаштијата, невработеноста, домувањето, расната (етничката) рамноправност | 41 *(2,7 %)* | 1.458 *(97,3%)* |
| 7 | Развој на човековите права во Третиот свет | 7 *(0,5 %)* | 1.491 *(99,5%)* |
| 8 | Заштита на околината, екологија и права на животните | 45 *(3,0 %)* | 1.454 *(97,0%)* |
| 9 | Професионални здруженија | 44 *(2,9 %)* | 1.455 *(97,1%)* |
| 10 | Работа со млади (на пример, извидници, водичи, клубови на млади и сл.) | 52 *(3,5 %)* | 1.447 *(96,5%)* |
| 11 | Спорт или рекреација | 92 *(6,1 %)* | 1.407 *(93,9 %)* |
| 12 | Женски организации | 32 *(2,1 %)* | 1.467 *(97,9 %)* |
| 13 | Мировни движења | 13 *(0,9 %)* | 1.486 *(99,1 %)* |
| 14 | Волонтерски организации кои се грижат за здравјето | 27 *(1,8 %)* | 1.472 *(98,2 %)* |
| 15 | Други организации и групи | 41 *(2,7 %)* | 1.458 *(97,3 %)* |

# ДОВЕРБА И ПРИФАЌАЊЕ ДРУГИ ЛУЃЕ

Довербата и подготвеноста за помагање и прифаќање на другите луѓе во рамките на нивните секојдневни интеракции се фундаменти на толерантноста и на почитувањето на човековите права. За овие просоцијални тенденции на луѓето, во прашалникот беа вклучени неколку прашања. Најпрво, испитаниците имаа можност непосредно да се произнесат за тоа дали имаат доверба во другите луѓе. На прашањето „Општо земено, сметате дека на повеќето луѓе може да им се верува или не?", 20,1% го избрале одговорот „На повеќето луѓе може да им се верува", додека 79,9% ја избрале алтернативата „Не е возможно да се биде доволно претпазлив". Значи, може да се констатира дека испитаниците не манифестирале висок степен на доверба во другите.

Слична тенденција во нивниот однос спрема другите луѓе се забележува и во одговорите на прашањата: „Дали сметате дека најголемиот дел од луѓето се обидуваат да ве искористат доколку им се укаже можност, или ќе се обидат да бидат фер спрема вас?" и „Дали луѓето, според вас, почесто се обидуваат да помагаат или да водат сметка за себе си?". Одговорите на првото прашање се дадени во Табела 20, а одговорите на второто прашање во Табела 21. И во едниот и во другиот случај, испитаниците користеле скала на процена од 1 до 10. Според означените степени на довербата во добрите намери на другите луѓе, произлегува дека испитаниците повеќе се убедени дека луѓето ќе се обидат да ги искористат (41,6%), отколку дека ќе се обидат да бидат фер (20,7%). Кога станува збор за означените степени во врска со подготвеноста за помагање на другите, повеќето испитаници сметаат дека луѓето се себични (42,2%), а помал број сметаат дека луѓето помагаат (19,3%).

**Табела 20.** Степени на верување во добрите намери на другите луѓе

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Повеќето луѓе ќе се обидат да ме искористат | *361* | *25,1%* |
| 2 | *121* | *8,4%* |
| 3 | *162* | *11,3%* |
| 4 | *98* | *6,8%* |
| 5 | *256* | *17,8%* |
| 6 | *139* | *9,7%* |
| 7 | *68* | *4,7%* |
| 8 | *98* | *6,8%* |
| 9 | *45* | *3,1%* |
| 10 Повеќето луѓе ќе се обидат да бидат фер | *88* | *6,1%* |
| Вкупно | *1.436* | *100,0%* |

**Табела 21.**Степени на верување во подготвеноста за помагање на другите

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Повеќето луѓе се себични | *399* | *27,5%* |
| 2 | *110* | *7,6%* |
| 3 | *163* | *11,2%* |
| 4 | *86* | *5,9%* |
| 5 | *290* | *20,0%* |
| 6 | *123* | *8,5%* |
| 7 | *77* | *5,3%* |
| 8 | *92* | *6,3%* |
| 9 | *38* | *2,6%* |
| 10 Повеќето луѓе помагаат | *74* | *5,1%* |
| Вкупно | *1.452* | *100,0%* |

Во овој контекст е испитувана и подготвеноста за прифаќање други луѓе. Оваа подготвеност е идентификувана преку одговори на прашањето за прифаќањето, односно дистанцирање од одредени групи луѓе како потенцијални соседи. Одговорите на ова прашање се прикажани во Табела 22. Испитаниците, општо земено, имаат диференциран однос спрема наведените групи луѓе. Тие најмалку имаат против да им бидат соседи христијани (5,7%), луѓе со големи семејства (14,1%), Евреи (16,1%) и Роми (16,4%). Од друга страна, најмногу имаат против во нивно соседство да живеат зависници од дрога (77,9%), луѓе со криминално досие (70,1%), тешки алкохоличари (63,9%), лица заболени од сида (61,5 %) и хомосексуалци (58%).

**Табела 22.** Проценти на одговори на прашањето: „Можете ли да ги издвоите оние што не би сакале да ви бидат соседи?"

| | Би имал против | Не би имал против |
|---|---|---|
| Луѓе со криминално досие | 70,1% | 29,9% |
| Луѓе од друга раса | 21,2% | 78,8% |
| Левоориентирани - екстремисти | 34,1% | 65,9% |
| Тешки алкохоличари | 63,9% | 36,1% |
| Десноориентирани - екстремисти | 34% | 66% |
| Луѓе со големи семејства | 14,1% | 85,9% |
| Емоционално нестабилни луѓе | 44,8% | 55,2% |
| Муслимани | 26,8% | 73,2% |
| Доселеници /странски работници | 20,4% | 79,6% |
| Луѓе заболени од сида | 61,5% | 38,5% |
| Зависници од дрога | 77,9% | 22,1% |
| Хомосексуалци | 58% | 42% |
| Евреи | 16,1% | 83,9% |
| Роми | 16,4% | 83,6% |
| Христијани | 5,7% | 94,3% |

## ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ

Во прашалникот беше наведена листа од 18 национални и меѓународни институции спрема кои испитаниците ја искажуваа довербата на четиристепена скала (1 – никаква доверба, 2 – мала доверба, 3 – умерена доверба и 4 - голема доверба). Во Табела 23 се наведени средните вредности и ранговите на средните вредности на довербата во институциите.

Споредбената анализа на степените на доверба спрема сите наведени институции покажува дека испитаниците имаат најголема доверба во религиозните институции (црква или џамија) (M=95), потоа во армијата (M=2,92) и образовниот систем (M=2,87). Додека, институции во кои имаат најмала доверба се политичките партии (M=2,07), синдикатите (M=2,08) и правниот систем (M=2,17). Кога станува збор, пак, за довербата во меѓународните институции (ЕУ, НАТО и ООН), очигледно е дека довербата во нив е просечна (од 2,48 до 2,50).

**Табела 23**. Средни вредности и ранг на довербата во национални и во меѓународни институции

| | Средни вредности | Ранг |
|---|---|---|
| Црква/џамија | 2,95 | 1 |
| Армија | 2,92 | 2 |
| Образовен систем | 2,87 | 3 |
| Медиуми | 2,35 | 14 |
| Синдикати | 2,08 | 17 |
| Полиција | 2,56 | 4 |
| Собрание | 2,36 | 13 |
| Јавни служби | 2,40 | 10 |
| Систем на социјална заштита | 2,39 | 11 |
| Европска унија | 2,50 | 7 |
| НАТО | 2,48 | 8 |
| Обединети нации | 2,51 | 5 |
| Систем на здравствена заштита | 2,51 | 5 |
| Правен систем | 2,17 | 16 |
| Големи компании | 2,31 | 15 |
| Организации за заштита на околината | 2,37 | 12 |
| Политички партии | 2,07 | 18 |
| Влада | 2,43 | 9 |

Покрај процената на општата доверба кон дел од меѓународните институции, на испитаниците им беше поставено прашање и за евентуалните последици од пристапувањето на

земјата кон Европската унија. На скала од 1 до 10 (каде што 1 означува *воопшто не се плашам,* а 10 - *многу се плашам*), тие имаа можност да го искажат своето мислење во врска со одредени проблеми (т.е. стравувања) од пристапувањето кон Европската унија: *губење социјална сигурност*; *губење национален идентитет и култура*; *издвојување на се повеќе средства од Македонија за ЕУ*; *губење на моќта на РМ во светот* и *губење работа*. Општо земено, процените на испитаниците укажуваат на релативно низок степен на стравување во однос на наведените евентуални негативни последици од овој процес. Просечните вредности на скалата се движат од 3,26 до 3,71.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДДЕЛНИ ОПШТЕСТВЕНИ СОСТОЈБИ

Одреден број прашања чии одговори ги отсликуваат гледиштата и ставовите на испитаниците спрема различни состојби во нашето општество се разгледувани како посебна целина. Со идентификација на тие гледишта и ставови, можно е да се препознаат сличностите и разликите во вредносните преференции на македонските граѓани и граѓаните на другите земји во Европа вклучени во истражувањето. Дел од тие прашања се однесуваат на начинот на кој се развива демократијата, начинот на владеењето и можноста за промена на начинот на владеењето и сиромаштијата.

Во врска со развојот на демократијата, на испитаниците им беше поставено прашањето: „Колку сте задоволни од начинот на кој се развива демократијата во нашата земја?“ На оваа прашање тие одговараа со избор на една од следниве четири алтернативи: многу задоволен, умерено задоволен, малку задоволен и воопшто не сум задоволен. Општо земено, одговорите на испитаниците покажуваат дека повеќето од нив се умерено или малку задоволни од развојот на демократијата. Поточно, 6,1% од испитаниците одговориле дека се многу задоволни, 37,1% дека се умерено задоволни, 36,7% дека се малку задоволни, а 20,1% дека воопшто не се задоволни.

За евалуација на системот на владеење со нашата земја, испитаниците имаа можност на скала од 1 до 10 (каде што 1 означува *многу лошо*, а 10 *многу добро*) да проценат како се одвиваат работите во тој поглед. Според бројот и процентите на нивните одговори на скалата (Табела 24), произлегува дека испитаниците го оценуваат системот на владеење со нашата земја повеќе како лош отколку како добар.

**Табела 24.** Број и проценти на одговорите на испитаниците за успешноста на системот на владеење со нашата земја

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Многу лошо | *193* | *13,3%* |
| 2 | *109* | *7,5%* |
| 3 | *181* | *12,5%* |
| 4 | *154* | *10,7%* |
| 5 | *293* | *20,3%* |
| 6 | *187* | *12,9%* |
| 7 | *123* | *8,5%* |
| 8 | *81* | *5,6%* |
| 9 | *63* | *4,4%* |
| 10 Многу добро | *62* | *4,3%* |
| Вкупно | *1.435* | *100%* |

Кога станува збор, пак, за евалуациите на испитаниците на различни видови владеења (види Табела 25), може да се констатира дека најголем дел од нив како многу добар го оценуваат владеењето кое се темели на демократија (47,8 %), а како многу лош го сметаат начинот на владеење во кое војската би имала главен збор (39,6 %). Интересно е што значителен дел од испитаниците позитивно ги оценуваат (т.е. сметаат дека се многу добри или, главно, добри) и начините на владеење во кои треба да се има силен водач или владеењето кое се заснова на одлуки на влијателни експерти.

**Табела 25.** Број и проценти на одговори на испитаниците при евалуацијата на одделни видови владеење

| | Многу добар | Главно добар | Главно лош | Многу Лош |
|---|---|---|---|---|
| Да се има силен водач кој нема да се занимава со парламентот и изборите | 424 *(32,4%)* | 519 *(39,6%)* | 220 *(16,7%)* | 147 *(11,3%)* |
| Експерти да донесуваат одлуки, а не владата | 304 *(23,6%)* | 595 *(46,2%)* | 315 *(24,5%)* | 73 *(5,7%)* |
| Војската да владее | 119 *(9,2 %)* | 196 *(15,3%)* | 464 *(35,9%)* | 512 *(39,6%)* |
| Да се има демократски систем | 652 *(47,8%)* | 628 *(46,0%)* | 57 *(4,2%)* | 28 *(2,0%)* |

На ова место би можеле да ги наведеме и оценките на испитаниците за неколку претпоставени ефекти на демократскиот начин на владеење. Бројот и процентите на овие одговори се наоѓаат во Табела 26, од која јасно се гледа дека согласно со претходно наведениот афирмативен однос спрема демократијата, испитаниците позитивно ги оценуваат и ефектите што произлегуваат од овој вид владеење, иако се свесни дека демократијата може да биде придружена со одреден степен на неодлучност.

**Табела 26** Број и проценти на одговори на испитаници за степенот на согласност околу одделни аспекти на демократскиот начин на владеење

| | Многу се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Многу не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Демократијата можеби има проблеми, но е подобра од која било друга форма на владеење | 505 *(37,9%)* | 674 *(50,6%)* | 138 *(10,4%)* | 15 *(1,1%)* |
| Во демократијата лошо се развива економијата | 79 *(6,2%)* | 301 *(23,6%)* | 764 *(59,8%)* | 133 *(10,4%)* |
| Во демократијата има многу неодлучност | 115 *(9,0%)* | 513 *(40,2%)* | 525 *(41,1%)* | 124 *(9,7%)* |
| Демократиите не се добри за одржување на поредокот | 124 *(10,0%)* | 192 *(15,6%)* | 711 *(57,6%)* | 206 *(16,7%)* |

Во врска со потребата за менување на општеството, најголем дел од испитаниците се на мислење дека општеството треба да се менува постепено со реформи. Значително помал број сметаат дека општеството треба да се менува со револуција, а сосема мал дел од нив сметаат дека општеството никако не би требало да се менува (види Табела 27).

**Табела 27.** Број и проценти на одговори на прашањето за тоа дали и како би требало да се менува општеството во кое живееме

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Сегашното општество треба радикално да се измени со револуција | *184* | *13,5%* |
| Сегашното општество треба постепено да се менува со реформи | *1074* | *78,8%* |
| Сегашното општество треба да се одбрани од сите промени | *105* | *7,7%* |
| Вкупно | *1.363* | *100%* |

На испитаниците им беше дадена можност да се изјаснат и за тоа кој од четири наведени приоритети (*одржување на поредокот во земјата, дозволување поголемо учество на луѓето во донесување владини одлуки, борба против растот на цените и заштита на слободата на говорот*) би го избрале како прв, а кој како втор за земјата во следните десет години.

При определувањето на првиот приоритет испитаниците се изјасниле на следниов начин: 45,9% го избрале одржувањето на поредокот во земјата, 31,5% го избрале овозможувањето поголемо

учество на луѓето во политиката, 17,8% ја избрале борбата против растот на цените, а само 4,7% заштитата на слободата на говорот. Но, кога од испитаниците е побарано повторно да направат избор, за да го наведат приоритетот кој е втор по важност, тие како најважен приоритет ја издвојуваат борбата против растот на цените (41,5%), потоа овозможувањето на поголемо учество на луѓето во политиката (24,5%), одржување на поредокот во земјата (18,2%) и повторно на последно место ја рангирале заштитата на слободата на говорот (15,8%).

Една од негативните општествени состојби која со години опстојува во нашето општество и, за жал, наместо да се намалува постепено се зголемува е сиромаштијата. За оваа состојба испитаниците имаа можност да ги изложат своите видувања преку идентификација на *причините за сиромаштијата на луѓето во нашата земја,* и тоа во два наврата. Еднаш со идентификација на првата најважна причина од можни пет, а потоа и со идентификација на втората најважна причина. При изјаснувањето за првата најважна причина, 55,0% од испитаниците ја навеле неправдата која владее во општеството, потоа 17,1% ги навеле последиците од современиот развој, 16,6% немањето волја и мрзливоста, а 9,5% немањето среќа. При издвојувањето на втората причина по важност за сиромаштијата, претходно спомнатите причини испитаниците ги рангирале на следниов начин: прво ги навеле последиците од современиот развој (32,5%), потоа немањето волја и мрзливоста (23,2 %), неправдата која владее во општеството (20,4%) и, на крајот, немањето среќа (17,7%).

## РЕЛИГИЈА И МОРАЛ

Во поглед на прашањето за религиозноста, најголем дел од испитаниците се изјасниле како религиозни (83,9%, види Табела 28). Имајќи го предвид овој факт, интересно е да се види какви се нивните ставови и верувања за прашања што се непосредно или посредно поврзани со религиозноста. На пример, на прашањето за постоењето *јасна и универзална претстава за доброто и злото,* што е инхерентно на религиозните верувања и на моралот, испитаниците одговориле на следниов начин: 48,6% од нив сметаат дека постојат апсолутно јасни принципи за добро и зло, кои важат за секого без оглед на околностите; 26,1% одговориле дека постојат апсолутно јасни принципи за добро и зло, меѓутоа е можно да се отстапи од овие принципи во посебни околности; и 25,3% одговориле дека не може да постојат јасни принципи за тоа што е добро, а што зло, бидејќи она доброто и злото е целосно определено од постојните околности.

**Табела 28.** Број и проценти на одговори за религиозноста на испитаниците

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Религиозна личност | *1.170* | *83,9%* |
| Нерелигиозна личност | *152* | *10,9%* |
| Убеден атеист | *73* | *5,2%* |
| Вкупно | *1.395* | *100%* |

Кога испитаниците кои се изјасниле за религиозни се прашани за тоа во кое од следниве нешта веруваат, т.е. во Бог, живот по смртта, пекол, рај и грев, најголем дел од нив (95,1%) го навеле верувањето во Бог, потоа верувањето во грев (60,3%), верувањето во рај (49,7%), верувањето во живот по смртта (47,5%) и верувањето во пекол (44,7%).

Овде можеби е интересно да се наведе дека во системот на нивните религиозни верувања не е вклучена реинкарнацијата. На прашањето „Дали верувате во реинкарнација, односно дека сме повторно родени на овој свет?“, 82,6% одговориле дека не веруваат во тоа, додека 17,4% одговориле дека веруваат во реинкарнација.

Во врска со фреквентноста на посетите на верските служби, на испитаниците им беше поставено следново прашање: „Колку често денес ги посетувате верските служби освен по повод венчавки, погреби и крштавки?“ Одговорите на ова прашање се прикажани во Табела 29. Очигледно е дека најголем дел од испитаниците што ги посетуваат верските служби го прават тоа само по повод посебни верски празници.

**Табела 29.** Број и проценти на одговори за посета на верски служби освен по повод, венчавки, крштавки и погреби

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Повеќе од еднаш неделно | *75* | *5,1%* |
| Еднаш неделно | *119* | *8,0%* |
| Еднаш месечно | *177* | *11,9%* |
| Само за посебни верски празници | *699* | *47,1%* |
| Еднаш годишно | *94* | *6,3%* |
| Многу ретко | *191* | *12,8%* |
| Никогаш, практично никогаш | *130* | *8,8%* |
| Вкупно | *1.485* | *100%* |

Кога станува збор, пак, за тоа колку често испитаниците се молат на Бога надвор од верските служби (види Табела 30), интересно е што само 21,2 % навеле дека тоа го прават

секојдневно, 21,8 % изјавиле дека тоа го прават многу ретко, додека 23,9 % изјавиле дека тоа никогаш не го прават.

**Табела 30.** Број и проценти на одговори за тоа колку често испитаниците му се молат на Бога надвор од верските служби.

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Секој ден | *284* | *21,2%* |
| Повеќе од еднаш неделно | *126* | *9,4%* |
| Еднаш неделно | *72* | *5,4%* |
| Најмалку еднаш во месецот | *112* | *8,4%* |
| Неколку пати во годината | *135* | *10,1%* |
| Многу ретко | *292* | *21,7%* |
| Никогаш | *320* | *23,8%* |
| Вкупно | *1.341* | *100%* |

Во контекст на прашањата за религиозноста, можеби е интересно да се претстават и одговорите на испитаниците за нивната суеверност, т.е. за степенот на нивното верување дека некоја амајлија може да им донесе среќа, да ги заштити или да им помогне. Степенот на ова верување е изразуван на скала од 1 до 10 (каде што 1 значи *целосно неприфаќање*, а 10 *целосно* прифаќање на тоа верување). Како што може да се забележи во Табела 31, најголем број од испитаниците своите одговори ги лоцирале во горниот дел од табелата, а тоа значи дека тие повеќе не веруваат отколку што веруваат во делотворноста на амајлии.

**Табела 31.** Степени на верување во амајлија

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| 1 Воопшто не верувам | *676* | *46,6%* |
| 2 | *50* | *3,4%* |
| 3 | *67* | *4,6%* |
| 4 | *38* | *2,6%* |
| 5 | *111* | *7,6%* |
| 6 | *80* | *5,5%* |
| 7 | *66* | *4,5%* |
| 8 | *62* | *4,3%* |
| 9 | *61* | *4,2%* |
| 10 Целосно верувам | *240* | *16,5%* |
| Вкупно | *1.451* | *100%* |

На крајот од овој дел се прикажуваат и одговорите на прашањето за оправданоста, односно неоправданоста на повеќе однесувања кои во одреден степен допираат до структурата на моралните норми. Поточно, од испитаниците беше побарано да ја проценат оправданоста, односно неоправданоста на следниве

однесувања: *барање државни придобивки на кои се нема право; измами со даноци; недозволено присвојување туѓ автомобил; пушење марихуана или хашиш; лажење во своја полза; брачно мамење; земање мито; хомосексуалност; абортус; развод; евтаназија; самоубиство; плаќање во готово за одбегнување данок; необврзан секс; неплаќање јавен превоз; проституција; вршење експерименти на човечки ембриони; вршење генетичка манипулација со хранливи материи; вештачко оплодување и смртна казна.* Проценувањето се вршеше на скала од 1 до 10 (каде што 1 значи *никогаш не е оправдано*, а 10 *секогаш е оправдано*). Со пресметка на аритметичките средини на степените на оправдување на наведените однесувања, се утврди дека испитаниците, општо земено, не ги оправдуваат проценуваните однесувања, освен во случајот на вештачко оплодување (М=6,37). Ако вршиме, пак, споредба на однесувањата според степенот на нивното неоправдување, произлегува дека испитаниците во најголема мера не го оправдуваат самоубиството (М=1,52) и пушењето марихуана или хашиш (М=1,65). Потоа следуваат: недозволеното присвојување туѓ автомобил (М=1,66); барањето државни придобивки на кои се нема право (М=1,70); земањето мито (М=1,77); измамите со даноци (М=1,80); хомосексуалноста (М=2,05); проституцијата (М=2,07); вршењето генетички манипулации со хранливи материи (М=2,29); лажењето во своја полза (М=2,47); вршењето експерименти со човечки ембриони (М=2,87); евтаназијата (М=3,18); смртната казна (М=3,74); плаќањето во готово за да се избегнат даноци (М=3,97); абортусот (М=4,32) и разводот (М=4,85).

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Овој извештај е еден вид сублимат на посеопфатно емпириско истражување за вредносните преференции на македонските граѓани кое претставува составен дел од меѓународен проект со лонгитудинален карактер, во кој учествуваат над 50 земји, а Република Македонија прв пат е вклучена во него. Истражувањето е реализирано од наставници и соработници на Филозофскиот факултет во Скопје, во периодот од 2006 до 2008 година.

Вредносните преференции на македонските граѓани се испитувани со прашалник составен од 141 ставка групирани во неколку блока, т.е. тематски целини. Прашалникот е зададен на репрезентативен примерок на 1.500 испитаници, определен во соработка со Државниот завод за статистика на РМ. Што се однесува до тематските целини што беа опфатени со прашалникот, треба да се спомне дека во овој извештај не се обработени сите, туку дел од нив за кои постоеше оценка дека

укажуваат на позначајните тенденции врзани за вредносните ориентации и културните матрици на македонските граѓани. Исто така, треба да се има предвид дека сите анализи на прибраните податоци во овој извештај се правени исклучиво на дескриптивно ниво. Другите анализи, базирани на посложени статистички постапки, вклучувајќи и споредба со резултатите од истражувањата во другите земји, ќе бидат сукцесивно изложени во неколку студии, чија изработка е во тек.

Во извештајот првично се претставени основните карактеристики на примерокот: статистички региони, големина на местото на живеење, половата и возрасна структура на испитаниците, нивото на образование, статус на (не)вработеност, вкупни месечни приходи во семејството и религиозна припадност. Потоа, првата целина на прашања која е интегрално анализирана се однесува на *општите вредности за животот, слободното време и работата*. Меѓу поголемиот број прашања што се застапени во прашалникот на оваа тема се анализирани одговорите на испитаниците за значајноста на одредени нешта во нивниот живот. Според одговорите на испитаниците, за најголем дел од нив е најзначајно семејството. Потоа, следуваат работата, пријателите и познајниците, слободното време, религијата и, на крајот, политиката[2].

Кога испитаниците се изјаснувале за сопствената среќа како еден од индикаторите за квалитетот на животот, забележливо е дека нивните одговори укажуваат дека тие се повеќе несреќни отколку среќни. Поточно, речиси една четвртина од испитаниците одговориле дека воопшто не се среќни, а речиси две третини одговориле дека се малку среќни. Слична тенденција се забележува и кај одговорите за моменталната здравствена состојба на испитаниците. Над две третини од нив, сопствената здравствена состојба ја оцениле како лоша или како многу лоша. Од друга страна, пак, парадоксално е што кога ги даваат одговорите за задоволството од сопствениот живот, во просек поголемиот дел од испитаниците се изјаснувале дека повеќе се задоволни отколку незадоволни. Интересно е да се забележи дека ваков позитивен тренд кај испитаниците постои и кога станува збор за слободата на сопствениот избор и контролата врз сопствениот живот. На ова прашање повеќето испитаници сметаат дека имаат слобода во изборот и контрола врз сопствениот живот отколку дека немаат.

---

[2] Треба да се нагласи дека во анализата на податоците што се однесуваа на политиката, политичкото и идеологијата, наспроти ова последно рангирање на политиката во животот на испитаниците, сепак, постојат показатели според кои испитаниците се прилично заинтересирани и на различен начин вклучени во политиката.

Вториот сегмент од овој дел од анализата се однесува на евалуацијата на работата од различни аспекти. Општо земено, одговорите на испитаниците ја потврдуваат претпоставката дека работата е многу важна за нив. Кога се впуштаат, пак, во диференцирана процена на одделни аспекти на работата, како највазни ги издвојуваат: висината на платата, рамноправното третирање на работното место, работењето со пријатни луѓе, општествената полезност и безбедноста на работата. Наспроти тоа, за нив помалку е важно богатото празнување, можноста за преземање иницијатива и учеството во донесувањето одлуки. При ваквото евалуирање на одделните аспекти на работата, можно е испитаниците да манифестирале елементи на пристапот кон работата што произлегува од постојните транзициски состојби во општеството. Имено, некои од претпоставените елементи на претприемачкиот дух - како дел од работната етика на неолиберализмот - изгледа дека се некритички увезени и недоволно умешно адаптирани на овдешните услови, а за жал често се и нецелосно разбрани. Но, вреди да се истакне дека повеќе од половината испитаници се согласни со ставот дека „за да го развиеш својот талент, треба да работиш", што може да се протолкува и како зацврстување на работната етика и свеста за неопходноста од вршење одредена дејност како предуслов за личен развој. Исто така, податокот што ја нагласува неподготвеноста на испитаниците за преземање лична иницијатива, како услов за сопствена професионална промоција и развој на кариерата, веројатно произлегува од сè уште силно присутната вредносна матрица наследена од социјализмот, во која беа недоволно вградени и експлицитно истакнати натпреварувањето и преземањето лична одговорност.

Во однос на значајноста на слободното време и начините за негово исполнување, резултатите покажуваат дека моментите за релаксација и дружење се многу битни за испитаниците. Интересно е тоа што тие покажуваат и висок степен на подготвеност во слободното време да научат нешто ново, односно тоа време да го користат на активен начин. Прашалникот, за жал, не вклучува прашања преку кои би можело да се добијат податоци за потребите на испитаниците за практикување конкретни активности во слободното време.

При анализата на одговорите на испитаниците за бракот и семејството, она што се појавува како највазен индикатор е нивниот став дека бракот се уште не е застарена институција. Тоа е согласно со претходно наведеното вреднување на семејството како најмногу важно нешто во нивниот живот. Значи, бракот и семејството се институции кои се највисоко вреднувани од испитаниците, затоа што веројатно тие се перципираат како примарни фактори за општествена интеграција. Во рамките на

идентификацијата и рангирањето на факторите за успешен брак, се покажа дека за испитаниците е најважна верноста. Потоа, како други поважни чинители за успешен брак се имањето деца, имањето пристоен приход и задоволството од сексуалните односи во бракот. Како најмалку важен фактор од кои зависи успешноста на бракот е издвоена согласноста меѓу сопружниците околу политичките прашања.

Анализата на податоците за ставовите на испитаниците во однос на почитта и одговорноста на децата кон родителите и обратно покажува дека кај нив доминира традиционално заснованиот вредносен образец за регулирање на семејните односи во нашата средина. Имено, на прашањето „Без оглед на доблестите (квалитетите) и маните на родителите, тие мора да се сакаат и да се почитуваат“, над три четвртини од испитаниците се согласиле, а сличен број одговори е добиен и на прашањето „Родителите се обврзани да го прават најдоброто за своите деца, дури и по цена на својата благосостојба“. Но, кога станува збор за обврските на возрасните деца спрема родителите, евидентно е дека постои малку поинаква тенденција. Над половината од испитаниците се согласиле со ставот дека „Возрасните деца имаат обврска да обезбедат долготрајна нега за своите родители, дури и по цена на сопствената благосостојба“.

Кога станува збор за мислењата и оцените на испитаниците за односите меѓу мажот и жената (во семејството), генералната оцена оди во прилог на релативно рамноправно третирање на улогата на мажот и улогата на жената. Многу е важно да се посочи дека мнозинството испитаници, оценувајќи дека вработеноста на мајката нема да влијае врз исполнувањето на мајчинските должности, всушност, создаваат слика за постоење поеманципиран однос спрема статусот на жената во семејството и во општеството.

При испитувањето на мислењата и ставовите за одделни политички теми, важно е да се спомне дека испитаниците покажаа извесен степен на воздржаност и недоволна изнијансираност во одговорите, особено кога од нив се бараше да се произнесат за партиската афилијација и изборната партиципација. Едно можно објаснување за нивниот релативно затворен однос спрема прашања поврзани со политиката е тоа што теренското истражување беше спроведено непосредно по парламентарните избори во 2008 година. Кај одреден број испитаници беше видлива презаситеноста од анкети со политичка содржина, на кои јавноста беше посебно изложена во предизборниот период.

Забележливо е дека испитаниците опфатени со ова истражување политички се повеќе десноориентирани отколку

левоориентирани, а една третина од нив се сместиле на средните позиции. Непозиционирањето на дел од испитаниците на деловите од скалата кои ја означуваат десната, односно левата политичка ориентација, можно да се протолкува на неколку начини: прво, дека тоа ја изразува релативната неутралност во поглед на двете спротивставени политички ориентации; второ, дека испитаниците по инерција заокружуваат средни вредности, делумно поради стравот од стигматизација и вкалапување; и трето, дека, сепак, и кај нас е можно да постојат граѓани кои застапуваат либерални, односно граѓански политички гледишта.

Една друга димензија која го покажува нивото на политичноста на испитаниците може да се согледа од прашањето за зачестеноста на политиката како тема за разговор. Наспроти претходно утврдениот тренд дека во контекст на семејството, пријателите, работата и религијата испитаниците ниско ја вреднуваат политиката како важна во нивните животи, одговорите на ова прашање одат во спротивен правец. Поточно, голем број испитаници изјавија дека често разговараат за политика со пријателите и дека, сепак, најголем дел од нив секојдневно следат политички теми во медиумите.

Од понудените форми на политичко дејствување за кои се произнесоа испитаниците, најголемиот дел од нив се изјасниле дека најчесто учествувале во потпишување петиции, потоа се придружувале на бојкот и учествувале во законски одобрени демонстрации, а најмалку се придружувале на неофицијални штрајкови и учествувале во опсада на згради и фабрики.

Вредно за забележување е и произнесувањето на испитаниците за значењето, односно приматот на слободата или еднаквоста во контекст на можноста за непречен развој на поединците во општеството. Повеќето испитаници и даваат приоритет на слободата во однос на еднаквоста. За жал, поради ограничувањата што произлегуваат од структурата на прашалникот, како и од претежно дескриптивниот карактер на анализата, не е можно попрецизно да се утврди идеолошката заснованост на распределбата на приоритетите.

Прашањата што се однесуваат на членувањето во граѓански здруженија и практикување граѓански активности открија дека испитаниците најчесто себеси се пронаоѓаат во здруженија и во активности од областа на политиката. Овој податок сам по себе е интересен и дискутабилен. Тој укажува на можноста испитаниците да го перципираат граѓанскиот сектор како извор за политички активизам во контекст на изградба на политичка или друг вид кариера. Од друга страна, стои и можноста дека политичките партии се лоцирани како организации

преку кои може да се артикулира интересот на граѓанинот и да се заокружи неговата идеолошка профилираност.

Од останатите видови граѓански здруженија и активности, испитаниците почесто членуваат и во оние што се поврзани со спортот и рекреацијата и здруженијата, односно активностите од областа на образованието, уметноста музиката или културата.

Индикативно е и тоа што состојбата во граѓанскиот сектор, односно сферата на невладините организации и здруженија по речиси дведецениски раст и развој бележи релативно голем број НВО, а сепак резултатите од истражувањето одат во спротивен правец, што упатува на ниската реална партиципација во ваквите организации и активности.

Што се однесува, пак, до довербата на испитаниците во други луѓе, резултатите покажуваат дека, генерално, немаат доверба и сметаат дека попрво би биле искористена жртва отколку човек кој добил помош од другите. Понатаму, подготвеноста на испитаниците за прифаќање други категории луѓе како соседи (со што на еден посреден начин се мери степенот на социјалната дистанца) покажа дека најмногу ги прифаќаат христијаните, многубројните семејства, Евреите и Ромите. Од друга страна, испитаниците демонстрираа релативно висока одбивност спрема зависници од дрога, луѓе со криминално досие, тешки алкохоличари и лица заболени од сида.

Во поглед на довербата на испитаниците кон одделни национални и меѓународни институции, постои тренд кој укажува на тоа дека најголема доверба покажуваат спрема религиозните институции (црква или џамија), армијата и образовниот систем. Мошне интересен показател е дека и покрај претходно забележаната релативно голема заинтересираност за политичките теми, испитаниците покажуваат најмала доверба токму спрема политичките партии. Додека, довербата спрема меѓународните институции (НАТО, ЕУ и сл.) е просечна.

Истражувањето опфати и еден дел на прашања и теми кои во анализата беа насловени како *Евалуација на одделни општествени состојби*, при што од редот на разновидни теми, прв беше анализиран ставот на граѓаните за задоволството од начинот на кој се развива демократијата кај нас. Во однос на ова прашање, испитаниците се изјаснија дека се умерено или малку задоволни од развојот на демократијата. Сличен проблем што се третираше на ова место од анализата беше оцената за начинот на владеење со земјата. Според добиените резултати, произлегува

дека испитаниците го оценуваат системот на владеење со нашата земја повеќе како лош отколку како добар.

Генералната оцена на испитаниците за ефектите од демократскиот начин на владеење одат во прилог на заклучокот дека тие ги препознаваат придобивките на квалитетно заснованата и функционална демократија иако се свесни дека демократијата може да биде придружена со одреден степен на неодлучност.

Истражувањето, исто така, ја потврди претпоставката дека испитаниците како дел од македонските граѓани не се склони кон насилен и брз пресврт на општествениот развој. Имено, на прашањето за потребата и видовите на менување на општеството, најголем дел од испитаниците мислат дека општеството треба да се менува постепено, со реформи, а не со револуција. Како дополнување на ваквите реформски стојалишта на испитаниците е и нивното видување за приоритетите на кои земјата треба да се посвети во следните десет години. Како прв приоритет, испитаниците го избрале одржувањето на поредокот во земјата, потоа овозможувањето поголемо учество на луѓето во политиката, борбата против растот на цените, а на крајот заштитата на слободата на говорот.

Ставовите на испитаниците за корените на сиромаштијата во нашето општество говорат дека повеќе од половината испитаници како најзначајна причина или фактор за сиромаштијата ја издвоиле неправдата што владее во општеството, потоа последиците од современиот развој, немањето волја и мрзливоста и, на крајот, немањето среќа.

Делот од анализата во кој се разгледувани одредени аспекти на религиозноста и моралот на испитаниците опфати низа прашања на кои се добиени интересни резултати. Првичната слика за религиозноста е дека македонските граѓани себеси се доживуваат како религиозни личности. Исто така, поголемиот број испитаници сметаат дека постојат апсолутно јасни принципи за она што претставува доброто и злото и дека тие важат за секого без оглед на околностите. Во поглед на нивното верување во одредени нешта од универзално прифатените аспекти на религиозноста, најголемиот дел испитаници одговориле дека веруваат во Бог, а малку под половина од нив дека веруваат во грев, во рај, во живот по смртта, а најмал дел (иако тој се ближи околу половината) дека веруваат во пекол. Од истражувањето се покажа дека македонските испитаници во најголемиот број случаи не веруваат во реинкарнација.

Во поглед, пак, на посетувањето верски служби, добиените одговори укажуваат дека најголемиот дел од

испитаниците што ги посетуваат верските служби го прават тоа само по повод посебни верски празници.

Значи, и покрај тоа што најголемиот број од испитаниците за себе велат дека се религиозни, тие не ги посетуваат многу често верските служби и не се молат многу често. Ваквата дискрепанца во однос на религиозното верување и однесувањ, се темели на претпоставката за широко распространетиот вид на традиционален верник, чии верски познавања и практики се релативно мали.

На крајот од овој дел за религиозните теми, беше посредно анализирано и прашањето поврзано со суеверието на испитаниците. Конкретно се работеше за процена на степенот на верувањето во одредени дејства на амајлијата во животот на луѓето. Поголемиот дел од испитаниците изјавија дека не веруваат во дејствата на амајлијата.

И, конечно, анализата на прибраните податоци допира и до одредени видувања на испитаниците за теми што се однесуваат на доброто и злото, односно на моралот и моралното однесување. Се забележува дека кај испитаниците доминира неприфаќањето на однесувањата со кои се загрозува сопственото здравје и живот и кои вклучуваат разни видови мамења и крадење. Од друга страна, пак, интересно е што единствено однесување што го сметаат за релативно морално оправдано е вештачкото оплодување.